Антемена

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup

| Примено: E Pranuar: | 18-12-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организ. ед. Njësia org. | Број Numër | Прилог | Вредност Vlere |
| [redacted] | | | |

МЕТАМОРФОЗИС

Фондација за интернет и општество

( Образец ПП……)
До Министерство за финансии
(имател на информацијата)

## БАРАЊЕ
### за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали се прави означување на соопштенија, видеа, фотографии создадени од службите за односи со јавноста со водени жигови? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Активна транспарентност на Владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме споделете линкови од веста;
2. Дали е донесен интерен акт на ниво на институција за спроведување на начелото на делегирање на надлежноста согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Пристап до информации од јавен карактер; Доколку да, ве молиме приложете решение за назначеното лице.
3. Дали се донесени интерни процедури за постапување по барање за пристап до информации и процедура за активно објавување на податоците со помош на АСПИ? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Пристап до информации од јавен карактер; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;
4. Дали се објавени внатрешните процедури за јавни набавки на веб страницата на институцијата? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Фискална транспарентност на владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;
5. Дали се направи надградба на Алатката за отчетност на трошоците на носителите на јавните функции? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Фискална транспарентност на владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;
6. Дали е направена промоција на порталот за отворени податоци и достапните отворени податоци преку социјални мрежи, настани, промотивни состаноци? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Отворени податоци и користење на податоците од јавниот сектор; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;
7. Дали е започнато со објавување на податоците кои ги побарале граѓанските организации и приватните компании опфатени со екс пост анализата за спроведување на Законот за користење на податоците од јавен сектор? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Отворени податоци и користење на податоците од јавниот сектор; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;
8. Дали е започнато со објавување на предлог теми за дискусија на ЕНЕР за актуелни прашања кои се од јавен интерес? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Транспарентност при носење акти и одлуки; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;
9. Дали се редовно објавени информации од значење за јавноста за спроведените дејства и за преземените инспекциски мерки заради заштита на јавните финансиски интереси, Годишни извештаи за работата на финансиската инспекција и решенија за отфрлање анонимни пријави за финансиска инспекција?

(опис на информацијата која се бара)

МЕТАМОРФОЗИС

Фондација за интернет и општество

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
**(г) електронски запис**
д) друго------------------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
**(г) е-маил (marijana@metamorphosis.org.mk)** Замолуваме на истата адреса да ни биде доставена и потврда за прием на Барањето.
д) друго-------------------------------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: [redacted]

(назив, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во Скопје, Северна Македонија                                                                Датум 13.12.2024 година

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

– Сектор за правни работи –
*Одделение за слободен пристап до информации од јавен карактер и заштита на лични податоци*

Архивски б[redacted].
Датум: 29-01-2025

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) и член 8 став 1, став 2 алинеја 1 и став 3 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/2020), постапувајќи по Барање за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од Фондација за интернет и општество Метаморфозис од Скопје, Министерството за финансии во својство на имател на информации, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено до Министерството за финансии од Фондација за интернет и општество Метаморфозис од Скопје под бро[redacted]4 година, СЕ УВАЖУВА.

## *Образложение*

До Министерството за финансии е доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер од с[redacted] од Скопје.

Со предметното Барање од Министерството за финансии подносителот ги бара следниве информации:

*„ 1. Дали се прави означување на соопштенија, видеа, фотографии создадени од службите за односи со јавноста со водени жигови? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Активна транспарентност на Владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме споделете линкови од веста;*

*2. Дали е донесен интерен акт на ниво на институција за спроведување на начелото на делегирање на надлежноста согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Пристап до информации од јавен карактер; Доколку да, ве молиме приложете решение за назначеното лице.*

*3. Дали се донесени интерни процедури за постапување по барање за пристап до информации и процедура за активно објавување на податоците со помош на АСПИ? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Пристап до информации од јавен карактер; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;*

*4. Дали се објавени внатрешните процедури за јавни набавки на веб страницата на институцијата? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Фискална транспарентност на владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;*

*5. Дали се направи надградба на Алатката за отчетност на трошоците на носителите на јавните функции? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област*


Министерство за финансии на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
+389 2 3255 442
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria

*Фискална транспарентност на владата и другите органи на извршната власт; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;*

*6. Дали е направена промоција на порталот за отворени податоци и достапните отворени податоци преку социјални мрежи, настани, промотивни состаноци? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Отворени податоци и користење на податоците од јавниот сектор; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;*

*7. Дали е започнато со објавување на податоците кои ги побарале граѓанските организации и приватните компании опфатени со екс пост анализата за спроведување на Законот за користење на податоците од јавен сектор? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Отворени податоци и користење на податоците од јавниот сектор; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;*

*8. Дали е започнато со објавување на предлог теми за дискусија на ЕНЕР за актуелни прашања кои се од јавен интерес? Мерка од Стратегијата за транспарентност, приоритетна област Транспарентност при носење акти и одлуки; Доколку да, ве молиме приложете линкови што го потврдуваат одговорот;*

*9. Дали се редовно објавени информации од значење за јавноста за спроведените дејства и за преземените инспекциски мерки заради заштита на јавните финансиски интереси, Годишни извештаи за работата на финансиската инспекција и решенија за отфрлање анонимни пријави за финансиска инспекција. “*

Имено, бараната информација која се однесува на прашањата под реден број 1, 2 и 9, не спаѓаат под исклучоците од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврдени во член 6 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и оттука Министерството за финансии информира за следново:

Во однос на прашањето под реден број 1 дали се прави означување на соопштенија, видеа, фотографии создадени од службите за односи со јавноста со водени жигови, Министерство за финансии известува дека во Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија (2023-2026) во делот Посебна цел 2. Поставување на активната транспарентност како стандард за работење на институциите – мерка М.2. Стандардизирање на пристапот кон активна транспарентност на институционално ниво, активност- А.2.5. Означување соопштенија, видеа, фотографии создадени од службите за односи со јавноста со водени жигови, е наведено дека ќе почне со примена во I квартал во 2025 година.

Во прилог Ви го доставуваме линкот од Стратегијата до кој може да пристапите:
https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategija_za_transparentnost_2023-2026_mkd.pdf

За прашањето под реден број 2 Министерство за финансии има донесено Решение за определување на службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации заведено под број 03-13520/1 од 06.12.2023 година, во прилог линкот за определување на лице до кој може да пристапите:

https://finance.gov.mk/%D0%B8%D0%BD%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%B8-%D0%BE%D0%B4-%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D0%BA%D0%B0%D1%80%D0%B0%D0%BA%D1%82%D0%B5%D1%80/

Во однос на прашањето под реден број 9 дали редовно се објавени информации од значење за јавноста за спроведените дејства и за преземените инспекциски мерки заради заштита на јавните финансиски интереси, Годишни извештаи за работата на финансиската инспекција и решенија за отфрлање анонимни пријави за финансиска инспекција, истите од страна на Министерството за финансии редовно се објавуваат.

Во однос на делот од информацијата кој се однесува на прашањата под реден број 3 дали се донесени интерни процедури за постапување по барање за пристап до информации и процедура за активно објавување на податоците со помош на АСПИ и под реден број 4 дали се објавени внатрешните процедури за јавни набавки на веб страницата на институцијата, известуваме дека податоците кои ги бара барателот не се објавени во Листата на информации од јавен карактер со кои располага Министерството за финансии, а притоа, интерните процедури, кои акти се од интелектуална сопственост се објавени на внатрешната интерна мрежа во Министерството за потребите на вработените.

Во однос на останатите прашања под реден број 5, 6, 7 и 8 од доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер, укажуваме дека Министерството за финансии не располага, не ги создал и не е имател на податоците, односно информациите, туку истите се во надлежност на Владата на Република Северна Македнонија и Министерство за дигитална трансформација и е потребно Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер да го упатите до надлежните институции.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска – Кочоска

Изработи[redacted]
Контроли[redacted]
Одобрил[redacted]
Провери[redacted]

Прове[redacted]

Согласен: д[redacted]


MQS Partner of Quality Austria